УДК: 323.22-057.875(497.1:497.7)"1968"

Невен Радически
Институт за национална историја, Скопје
neven.radiceski@gmail.com

# СТУДЕНТСКИТЕ ПРОТЕСТИ ОД 1968 ГОДИНА И НИВНИОТ ОДГЛАС ВО СР МАКЕДОНИЈА

*Апстракт.* – Во трудот е направен осврт кон активностите на студентите во Македонија во текот на јуни во 1968 година. Тие претставувале реакција на масовните студентски протести што во истата година биле организирани во повеќе држави низ светот, меѓу кои се вбројувала и Југословенската Федерација, во чиј состав тогаш се наоѓала и современата македонска држава. Активностите на студентите во СР Македонија претставувале израз на нивното незадоволство од состојбите во Скопскиот универзитет и во републиката, но и од настаните и од процесите што се одвивале во Југославија и на светската политичка сцена.

*Клучни зборови.* – студенти, протести, 1968 година, Југославија, Македонија.

Во повеќе држави низ светот, посебно низ Европа, во 1968 година студентите изразиле незадоволство од она што се случува во нивните, како и во другите држави, а што повеќе или помалку непосредно, ги засегнувало и нив самите. Причините за револтот биле од различен карактер и зависеле од состојбите во земјите каде што се одвивале демонстрациите. Она што им било заедничко, покрај очигледното временско совпаѓање и произлезот на демонстрантите, се универзалноста и масовноста на протестите и влијанието на средствата за комуникација и за јавно информирање, не само во ширењето на студентските протести, туку и во оформувањето на другите тогашни студентски активности.[1]

[1] Недков, Мирчев 1970, 10.

Според некои проучувачи, предуслови за кулминација на студентското незадоволство биле студената војна, атомската закана, војната во Виетнам, односно бројните револуционерни и ослободителни движења во земјите од Африка, Азија и Латинска Америка, социјалната положба на самите студенти и состојбите во универзитетите,[2] граѓанските движења во Соединетите Американски Држави, борбата за расна еднаквост и т.н.. Сепак, тоа што се случувало низ универзитетите во 1968 година, заслужува една посебна и многу поширока и покомплексна анализа, која поради ограниченоста на просторот не можевме да си ја дозволиме.

Овој општествен феномен не ја одминал ни Југословенската Федерација, во чиј состав тогаш била и современата македонска држава. Еден безначаен инцидент во ноќта на 2 јуни, тепачка меѓу студентите и припадниците на младинските работни бригади во Домот на културата во Нов Белград, поради грубата интервенција на милицијата, прераснал во најмасовниот протест во дотогашната историја на Авнојска Југославија. По раширената (подоцна потврдена како невистинита) информација дека, меѓу повредените и уапсените лица настрадал студент, ситуацијата ескалирала, и насобраните студенти, потиснувајќи ја милицијата, заплениле едно противпожарно возило. Во текот на истата ноќ, на возилото се искачиле повеќе студенти, кои пред насобраните го изразиле гневот од односот на милицијата и, наедно, отворено изнесле некои барања за подобрување на лошата положба на студентите во Југославија, односно за подобрување на состојбите во целото општество.[3] Протестите продолжиле во текот на наредните денови. На 3 јуни неколку илјади студенти, поддржани од извесен број универзитетски професори, биле спречени при обидот да се пробијат низ улиците во стариот дел од Белград со намера да демонстрираат пред Сојузното собрание, при што повторно се судриле со милицијата.

Студентите се повлекле и се реорганизирале во Студентскиот град. Како резултат на нивните активности, бил формиран Акционен одбор на демонстрациите, а нешто подоцна биле формирани акциони одбори и на факултетите на Белградскиот универзитет, преку кои, по 3 јуни се одвивале активностите поврзани со протестите. Капетан-Мишината зграда, во која биле сместени Филозофскиот факултет и Ректоратот на Белградскиот универзитет, била средиштето на демонстрациите, во кое студентите постојано одржувале форуми на кои се дискутирало. Кон

[2] Арсић, Марковић, 1984, 37.
[3] Арсић, Марковић 1984,79.

форумите се приклучиле и извесен број универзитетски професори, личности од јавниот и од културниот живот кои се солидаризирале со студентите и со нивните барања. Не изостанала поддршка и од белградските културни и научни институции, како што биле Институтот за физика, Институтот за теорија на книжевноста, Економскиот институт, редакциите на списанијата „Praxis“ и „Гледишта“, некои културно уметнички друштва и т.н.[4] Дури и Институтот за социолошки и криминолошки истражувања, кој бил под надлежност на тогашниот сојузен Секретаријат за внатрешни работи (Министерство за внатрешни работи), ги поддржал студентите.[5]

Студентите своите барања ги објавиле во документи, меѓу кои најзначајни биле „Прогласот до студентите и граѓаните на Белград“, „Резолуцијата на студентските демонстрации“ и „Акционо-политичката програма“. Зад нив застанале Универзитетскиот одбор на Сојузот на студенти на Белградскиот универзитет, Акциониот одбор на демонстрациите и редакцијата на гласилото на белградските студенти, весникот „Студент“. Во нив биле осудени разните дезинформации во медиумите во врска со карактерот на демонстрациите и се барало одговорност за бруталноста на милицијата.[6] Се инсистирало власта да преземе мерки во врска со лошите услови за студирање, со социјалната нееднаквост, со невработеноста, со бирократизмот и со појавата на капиталистичките елементи во тогашната социјалистичка држава. Се барало, всушност, демократизација на општеството, на средствата за јавно информирање и, посебно, на Сојузот на комунистите на Југославија (СКЈ), како единствена релевантна политичка сила и со тоа, единствен фактор на власта. Предмет на критика во документите, исто така, биле економската состојба, културните прилики и образовниот систем.[7]

Активностите на милицијата не се сведувале само на спречување на студентите да протестираат пред институциите на власта и на физичка пресметка со нив. Вонредните броеви на весникот „Студент“, како и Билтенот на  Универзитетскиот одбор на Сојузот на студенти биле забранети и имало случаи кога милицијата насилно ги одземала од студентите-колполтери и ги уништувала.[8]

---

[4] Ibid., 59.

[5] Миладиновиќ, 2008, 59.

[6]Арсиќ, Марковиќ  1984, 84-85.

[7] Недков, Мирчев 1970, 187-191.

[8] *Beogradski univerzitet i 68.: Zbornik dokumenata o studentskim demonstracijama* 1989, 96.

Со слични барања и програми како оние на белградските студенти истапиле и студентите во Загреб, Љубљана, Сараево и во други градови, каде протестите биле со помал интензитет. Со тоа револтот добил и пошироко, државно, односно сојузно значење. Покрај тоа, во протестите се вклучиле и деца на неколку истакнати функционери, што ги разбранувало духовите во партиското и во државното раководство, кое и онака било вознемирено и се соочувало со проблеми при обидите да им стави крај на студентските немири.[9] Меѓу нив се вбројувал и Владимир Глигоров, синот на тогашниот потпретседател на Сојузниот извршен совет, Киро Глигоров. Глигоров говорел пред студентите, учествувал во прецизирањето на студентските барања, како и во преговорите со претставниците на власта.[10]

На 9 јуни била одржана седница на Претседателството и на Извршниот комитет (ИК) на СКЈ на која присуствувал и Ј. Б. Тито, кој во меѓувреме се вратил од островот Ванга на Јадранското Море. По одржаната седница, на студентите и на пошироката јавност преку тогашната Југословенска радио-телевизија им се обратил Ј. Б. Тито, кој истакнал дека ги разбира барањата на студентите, кои според него биле сосем оправдани. Им ветил дека ќе бидат преземени мерки за подобрување на состојбите и во економијата и во образованието. Обраќањето го завршил со изразување лична подготвеност да ја напушти власта, доколку не е способен да се справи со проблемите во општеството и дека тоа е нешто што секој „постар комунист“ треба да го направи.[11] Неговата несомнена политичка вештина, харизмата, и талентот за манипулација кој го поседувал придонесле за смирување на студентското незадоволство и за брз крај на студентските протести.

Претседателството и ИК на СКЈ, на 19 јуни издале партиски документ, посебно подготвен како одговор на барањата на студентите, со наслов „Насоки за најважните задачи на Сојузот на комунистите во развојот на системот на општествено–економските и политичките односи“.[12] Во

---

[9] Меѓу паничните реакции, впечаток остава предлогот на видните југословенски политичари Едвард Кардељ и Петар Стамболиќ, Југословенската народна армија да се вклучи во смирувањето на протестите, што било одбиено како од армиското раководство, така и од првиот човек на Југословенската Федерација, Јосип Броз Тито, кој во тој период престојувал на еден јадрански остров. Црвенковски, Томовски 2003, 373.

[10] Миладиновић 2008, 66.

[11] Недков, Мирчев 1970, 210.

[12] Црвенковски, Томовски 2003, 378.

него е нагласена нужноста за побрза демократизацијата на општеството и за спроведувањето на економската реформа. Била предвидена и реформа на образовниот систем, како и чекори против социјалната нееднаквост и појавата на елементи на капитализам во државата. Меѓутоа, натамошниот развој на настаните покажал дека се работело само за декларативни залагања, кои биле заборавени набрзо по стивнувањето на студентските немири.[13]

Студентските демонстрации наишле на одзив и кај студентите во Социјалистичка Република Македонија (СР Македонија). Сепак, и покрај напрегнатата атмосфера, студентите на Скопскиот универзитет не го изразиле својот револт на улиците низ Скопје.

Така, на 4 јуни, во салата на Електромашинскиот факултет, била одржана заедничка конференција на Универзитетскиот комитет на СКМ и на Универзитетскиот одбор на Сојузот на студентите на Македонија (ССМ) која требало да ги разгледа, односно да ги издвои најактуелните и најургентни барања пред тие да бидат предложени пред институциите на власта. Зголемениот интерес на власта за положбата на студентите, посебно по демонстрациите низ Југославија, не претставувал изненадување, но наедно, остава и силен впечаток дека се вложувале напори за воспоставување контрола врз ситуацијата со цел да се оневозможи евентуално повторување на она што се случувало на Белградскиот универзитет. На конференцијата присуствувале и претседателот на Централниот комитет на Сојузот на комунисти на Македонија (ЦК на СКМ), Крсте Црвенковски, претседателот на Градското собрание на Скопје, Благој Попов, потпретседателот на Извршниот совет на СР Македонија, Ќамуран Тахир, проректорот на Скопскиот универзитет, Љубомир Шукаров и други личности од политичкиот живот и од академскиот кадар на Скопскиот универзитет.[14]

Оваа конференција резултирала со усвојување на платформа со наслов „За што се бори СК на Скопскиот универзитет“. Во неа се нагласувала важноста на улогата на студентите и на Сојузот на комунистите (СК) при Универзитетот во реализирањето на општествените и стопанските реформи. Во платформата, меѓу другото, било истакнато дека „...СК на Универзитетот ќе мора да поведе решителна борба против конзервативниот, чиновничкиот дух во СК, против рутинерската практика,

[13] Ibid., 378-379

[14] „Нужна е суштествена измена на положбата на студентот и универзитетот во нашето општество“, Нова Македонија, XXIV/7775, 05.06.1968, 1.

против интерноста, против етатистичкиот менталитет на помалите групи на Универзитетот што се создаваат или според факултетската хиерархија или според интимните односи, против расправите и договарањата кои се водат во затворен круг, за да може СК на Универзитетот во оваа борба со застарените конзервативни и догматски концепции и становишта да обезбеди отворен демократски слободен дијалог како внатре во СК, така и во поширока смисла...“.[15]

Понатаму, врз основа на тоа што СК на Скопскиот универзитет претставувал збир на најистакнати научници и високо стручни лица, било наведено дека тој би можел да има важна улога во креирањето на партиската политика, и воопшто, во развојот на СР Македонија.[16] Платформата повикувала на засилување и на забрзување на процесот на демократизација во СК на Скопскиот универзитет, на модернизација на наставно-образовниот процес, на подобрување на условите за студирање и за живеење на студентите.[17] К. Црвенковски, кој го поддржал најголемиот дел од барањата, изјавил дека одделни барања истакнувани на студенските протести, не придонесуваат кон демократизација на општеството и на СКЈ, туку напротив, повеќе или помалку посредно, одат во прилог на јакнењето на централизмот и на бирократијата, и како такви, би можеле да бидат злоупотребени во иднина.[18]

По завршувањето на конференцијата пристигнале претставници на иницијативните одбори од повеќе факултети на Скопскиот универзитет, при што било договорено на факултетите да се организираат собири и да се разговара за усвоената платформа.[19] Првиот од собирите се одржал во салата на Правниот факултет на кој присуствувале од 150 до 300 студенти и дел од наставниот кадар.[20] Се развила дискусија во која учествувале и проректорот на Универзитетот, д-р Љ. Шукарев, деканот на Правниот факултет Димитар Попгеоргиев, д-р Тодор Рушков, д-р Стеван Габер, асистентот Ѓорѓи Марјановиќ, како и студентите, меѓу кои и претседателот на факултетскиот одбор на Правниот факултет Владимир Лапе,

---

[15] Недков, Мирчев 1970, 217–218.

[16] „За што се бори Сојузот на комунистите на Скопскиот универзитет“, Нова Македонија, XXIV/7776, 06.06.1968, 6.

[17] Ibidem.

[18] „Младиот човек треба да биде активен чинител во сите движења на општеството“, Нова Македонија, XXIV/7775, 05.06.1968, 2.

[19] „Целосно вклучување на студентите во самоуправувањето и општествено-политичкиот живот“, Нова Македонија, XXIV/7775, 05.06.1968, 2.

[20] Љупчо Поповски, „Скопје 1968: Протестите останаа на универзитетот“...

Саво Климовски, Мирјана Иванова и др.[21] Според сеќавањето на В. Лапе, на собирот било забележливо присуството на поголем број познати припадници на републичката Служба за државна безбедност (СДБ), што предизвикало страв кај присутните и негативно се одразило врз слободата на дискусијата водена на собирот.[22]

В. Лапе смета дека овој собир бил и искористен, односно злоупотребен, на одговорност да се повикаат поистакнати, демократски ориентирани членови на СКЈ, со што дискусијата добила тек кој бил поинаков од она што било очекувано од студентите, односно бил искористен за напад на некои македонски политичари. Бил прозван д-р Славко Милосавлевски, кој наводно добивал плата како професор на Правниот факултет, како директор на Институтот за правно–политички и социолошки истражувања и како член на ИК на ЦК на СКЈ.[23]

Исто така, се покажало дека укажувањето на В. Лапе за присуството на СДБ на студентските собири во Македонија не било без основа. СДБ навистина ги набљудувала активностите на судентите во СР Македонија, но и активностите на други лица, кои покажувале невообичаен интерес во врска со овие настани.[24] За тоа сведочи и информацијата во која се наведува запленување на пропаганден материјал испратен од Белград со намера да тој да биде доставен до студентските одбори на скопските факултети.[25]

Собири биле одржани и на други факултети, меѓу кои и на Медицинскиот, на Електромашинскиот факултет, како и на Вишата економска школа во Прилеп.[26] Барањата на студентите од другите факултети во основа не се разликувале од оние истакнати на Правниот факултет. Меѓу другото, се апелирало да се преземат мерки за намалување на студентските давачки за сместување и за исхрана, за поправична распределба на студентските стипендии и кредити и сл.

Проф. д-р Тито Беличанец, тогаш студент на Скопскиот универзитет и претседател на Сојузот на студенти на Македонија, бил повикан на разговор со тогашниот претседател на републичкиот Сојуз на синди-

---

[21]Ibidem.

[22]Ibidem.

[23] Ibidem.

[24] Документи за сојузната и за македонската Служба за државна безбедност (1944–1989): избор, редакција и коментари проф. д-р Александар Симоновски, 2021, 234.

[25] Ibid., 228–229.

[26] „Прилепските стопанственици направија конкретен договор", Нова Македонија", XXIV/7775, 05.06.1968, 5.

кати, Благоја Давков, на кој бил остро критикуван со образложение дека дел од барањата на студентите ги надминуваат рамките на студентските прашања.[27] Неколку дена подоцна Т. Беличанец бил примен од Ј. Б. Тито во неговиот дом на ул. Ужичка во Белград, заедно со претставниците на студентските организации од другите републики во федерацијата. На средбата Ј. Б. Тито покажал поголемо разбирање за потребите на студентите.[28]

Иако немало демонстрации на студентите во Македонија, што би можело да се објасни и со понагласената конзервативност на македонското општество во тој период, сепак активноста на македонските студенти, независно од нејзината ограниченост, имала позитивно значење. Во тој период власта покажала посебно жив интерес за можностите за вработување младите лица, повикувајќи се на Законот за прием на приправници.[29]

Понатаму, Просветно-културниот собор на Собранието на СР Македонија во 1968 година донел „Заклучоци за натамошно подобрување на материјалната положба на студентите и системот на кредитирање и стипендирање" во кои било предвидено зголемување на средствата за кредитирање и стипендирање на студентите, за зголемување на висината на кредитите и на стипендиите и на нивно постојано усогласување со трошоците за живеење на студентите.[30]

Набрзо бил усвоен и Законот за управување со студентските центри[31], студентите биле вклучени во органите за управување со Скопскиот универзитет, а не е случајно што во 1969 година започнал да се гради студентскиот дом „Гоце Делчев". Тоа секако претставувало резултат на студентските раздвижувања од претходната година,[32] но најверојатно не само на оние во Македонија. Притоа, во 1969 година бил објавен и првиот број на списанието за млади „Фокус", кое го издавала Градската конференција на Сојузот на млади, во кое студентите имале простор за ис-

---

[27] Љупчо Поповски, „Скопје 1968: Протестите останаа на универзитетот"...

[28] Ibidem.

[29] „Дискусии за спроведување на Законот за прием на приправници", Нова Македонија, XXIV/7775, 05.06.1968, 5.

[30] „Заклучоци за натамошно подобрување на материјалната положба на студентите и системот на кредитирање и стипендирање", Службен Весник на Социјалистичка Република Македонија, XXIV/33, 09.10.1968, 521-522.

[31] „Закон за студентските центри", Службен Весник на Социјалистичка Република Македонија, XXIV/45, 31.12.1968, 721-723.

[32] Љупчо Поповски, „Скопје 1968: Протестите останаа на универзитетот"...

кажување на своите гледишта.[33] Страниците на „Фокус“ изобилувале со луцидни критички забелешки и осврти. Тие биле поврзани со општественото и политичкото секојдневие и местото на младите во него, но и со следењето состојбите во културата, не само во Македонија и во Федерацијата, туку и во светот. За разлика од другите печатени медиуми за младите луѓе во Македонија („Студентски збор“ и „Млад борец“), содржината на текстовите во „Фокус“ била послободна и поостра.[34] Меѓутоа, списанието згаснало во 1972 година.

По 55 години од студентските протести низ светот и во Југословенската Федерација, односно од студентските собири на факултетите на Скопскиот универзитет, очигледно е дека и по релативно долгиот изминат период, и по крупните општествени, политички и економски промени во Македонија, состојбата на студентите во самостојната и суверена македонска држава сè уште не е на задоволително ниво.

## БИБЛИОГРАФИЈА

### ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ

*Beogradski univerzitet i 68.: zbornik dokumenata o studentskim demonstracijama, priredili Momčilo Mitrović, Dobrica Vulović,* Centar za marksizam univerziteta u Beogradu, Beograd, 1989.

*Документи за сојузната и за македонската Служба за државна безбедност (1944–1989): избор, редакција и коментари проф. д-р Александар Симоновски,* ИНИ, Скопје, 2021.

Службен весник на Социјалистичка Република Македонија.

[33] Првиот број на „Фокус“ е издаден на 18 април 1969 година (нему му претходи пилот-издание, објавено во истата година, но во него не е наведен точниот датум на издавање). Главен и одговорен уредник бил Аљоша Руси, а заменик главен и оговорен уредник Денко Малески. Во составот на редакцијата биле и Владимир Лапе, Владо Шопов, Александар Димитров, Александар Чомовски (подоцна го заменил Аљоша Руси како главен и одговорен уредник), Спасе Јовковски и др. За списанието пишувале и Горан Стефановски, Тихомир Илиевски, Владимир Милчин, Слободан Унковски, Ванчо Муратовски и т.н..

[34] Радически 2013, 105–106.

## ВЕСНИЦИ И СПИСАНИЈА

„Нова Македонија" - Орган на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Скопје.

## ЛИТЕРАТУРА

Арсић, Мирко / Р. Марковић, Драган 68. Студентски бунт и друштво, Просветни преглед, Истраживачко-издавачки центар ССО Србије, Београд, 1984.

Миладиновић, Иван, 1968 Посљедни велики сан, Филип Вишниќ, Београд, 2008.

Недков Д-р Милан / Мирчев Димитар, *Студентската 1968 година*, НИО „Студентски збор", Скопје, 1970.

Радически, Невен, *Либерализмот во Македонија* (*1966–1974*), Македоника литера, 2013.

Црвенковски, Крсте / Томовски, Мирче, *Заробена вистина*, Култура, 2003.

## ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦИ

Поповски, Љупчо „Скопје 1968: Протестите останаа на универзитетот" www.dw.com/mk/скопје-1968-протестите-останаа-на-универзитетот/a-44083836.


Neven RADICHESKI
Institute of National History, Skopje

# THE STUDENT PROTESTS IN 1968 AND THEIR REFLECTION IN SR MACEDONIA

(summary)

In 1968, students expressed their dissatisfaction through protests in several countries around the world. The reasons and triggers for these protests were diverse and related to poor conditions for studying. They were also influenced by societal, political, and social conditions in the countries where the students lived and studied, as well as the global events on the world political stage.

In June 1968, the most massive protests since the formation of the Yugoslav Federation began in Belgrade. Thousands of students from the University of Belgra-

de took to the streets, clashing with Yugoslav police on June 2nd and 3rd while attempting to protest in front of government institutions. Subsequently, the students retreated to the building housing the Rectorate of the University of Belgrade and the Faculty of Philosophy. After organizing themselves, they presented documents outlining their demands. They called for improvements in studying conditions, addressing social inequality and unemployment. Students demanded the democratization of society, media, and particularly the League of Communists of Yugoslavia, the sole relevant political force and governing entity. The documents also criticized the economic situation, cultural conditions, and the education system. Students in Belgrade were joined by their colleagues in Zagreb, Ljubljana, Sarajevo, and other cities, where protests had a lower intensity. The protests ended after Yugoslav leader Josip Broz Tito addressed the students on June 9th, promising that the state would meet their demands.

Despite tensions among students in the SR Macedonia, there were no protests. On June 4th, students at the University of Skopje formulated demands, which were scheduled to be discussed at student assemblies in Skopje's faculties the following day. Additionally, a joint conference was held between the University Committee of the League of Communists of Macedonia and the University Board of the Student Union of Macedonia, tasked with reviewing and approving the demands before presenting them to student assemblies. This created a strong impression that efforts were being made to control the situation and prevent a recurrence of what had happened at the University of Belgrade. At the conference, a platform was adopted that included calls for improving conditions at the University of Skopje, modernizing the educational process, and enhancing living and studying conditions for students, among other things. Although there were no student demonstrations in Macedonia, which could be explained partly by the conservatism of Macedonian society at the time, the activity of Macedonian students, despite its limitations, had a positive impact. Laws governing student dormitories were quickly adopted, students were included in the governing bodies of the University of Skopje, and construction of the "Goce Delchev" student dormitory began the following year.